

# SUSTAINABLE WORKING CONDITIONS IN ACADEMIA SURVEY (STAIRCASE)

Funded by the European Union

# Информирана согласност

*Ве молиме забележете дека ова е незадолжителен превод на образецот за информиран соглас на англиски јазик. Оригиналниот образец за согласност може да го најдете на следниот линк.*

*Please note that this is a non-binding translation of the English language informed consent form. You can find the original consent form at this link.*

"Researcher Mental Health Observatory" (ReMO) ("Опсерваторија за ментално здравје на истражувачите") ја спроведува досега најголемата студија и одредница за процена на благосостојбата и менталното здравје поврзани со работата кај истражувачите во Европа. ReMO е мрежа на истражувачи, кои работат во областите на работната и организациската психологија, научната политика и науката за податоците од 37 европски земји кои се грижат за работните услови на истражувачите. ReMO се води од страна на истражувачи од Leibniz-Informationszentrum Technik und Naturwissenschaften | Universitätsbibliothek во Германија, Универзитетот во Амстердам во Холандија и Универзитетот за технологија во Грац во Австрија.

Ние се стремиме да се придржуваме до највисоките стандарди за транспарентност и отвореност додека ги чуваме чувствителните информации собрани во оваа студија. Во продолжение ќе Ви бидат обезбедени информации за целта на оваа студија, придобивките и ризиците поврзани со учеството во оваа студија, како и информации за употребата на податоците и нивната заштита. Затоа, пред да учествувате во студијата, Ве молиме внимателно да го прочитате следниов документ.

Доколку имате било какви грижи или прашања во било кој момент пред, за време или после учеството во оваа студија, не двоумете се да не' контактирате на STAIRCASE-Survey@tib.eu.

### Која е целта на оваа студија?

Целта на оваа студија е да се добијат сознанија за причините за благосостојбата на работното место и менталното здравје во академската заедница со цел да се развијат приспособени, ефективни и ефикасни интервенции кои го подобруваат менталното здравје на истражувачите.

### Зошто би требало да учествувате?

Оваа студија е спроведена од истражувачи за истражувачи. Нашата експлицитна цел е да го промениме академскиот систем одвнатре, на начин што овозможува здрави и одржливи работни услови. Со тоа што ќе ни обезбедите информации за Вашето ментално здравје и условите на работното место, ние ќе можеме да донесеме

заклучоци кои ќе ни помогнат да ги докажеме и да ги оформиме препораките за промени во политиките. Вашите напори ќе ни помогнат да обезбедиме соодветна застапеност на Вашата институција и земја и ќе ни помогнат да ги подобриме шансите за да имаме, на крајот, доволно податоци за да формулираме препораки кои што ќе бидат специфични за институцијата, земјата, контекстот и за околностите каде Вие работите.

## Кои се ризиците од учество во студијата?

Ние веќе спроведовме мерки за заштита со цел да ги заштитиме Вашите податоци (подолу видете го делот „Заштита на податоците“).Ова е неопходно бидејќи информациите што ќе ни ги дадете може да носат ризик за повторна идентификација преку единствени комбинации на демографски податоци. Ова е потенцијално можно, на пример, доколку Вие сте единствената жена која е физичар и е на PostDoc студии во Вашата институција. Ние нема јавно да објавуваме податоци во кои поединци може да бидат идентификувани на било кој начин.

При учеството во оваа анкета ќе се соочите со прашања за Вашето ментално здравје. Ќе Ве прашуваме за симптоми на ментални нарушувања, како што се депресијата и анксиозноста. Размислувањето и одговарањето на овие прашања може да Ве поттикне да откриете некој проблем со менталното здравје за кој претходно не сте биле свесни. За да се олесни овој ризик, нудиме информации за контактни точки и линии за помош кои можат да ви помогнат со било какви проблеми со менталното здравје со кои можеби се соочувате. Организацијата Самаританци нуди глобална кризна линија на која може да се обратите на бројот 116 123. Покрај тоа, можете да користите следниве услуги за да пронајдете линија за помош специфична за вашата земја:

- Mental Health Europe за земји во ЕУ
- findahelpline за земји во и надвор од ЕУ

## Што вклучува учеството во студијата?

Студијата вклучува пополнување на онлајн анкета која ќе трае приближно 15 минути. Прашањата ќе вклучуваат мерки за менталното здравје, како што се симптоми на депресија, и мерки за благосостојбата, како што е задоволството од работата. Дополнително, ќе Ви поставуваме прашања за Вашата работа како истражувач, како на пример колку часови неделно работите и колку од Вашето време трошите на различни задачи. На крајот, ќе Ви поставиме демографски прашања, како што се Вашата возраст и пол. Сите прашања се доброволни и можете да прескокнете некои од прашањата во било кој дел од анкетата.

Ќе имате можност доброволно да ни доставите идентификатори на Вашите профили на ORCID, LinkedIn и Twitter на крајот од анкетата. Овие информации ќе се чуваат одделно од Вашите одговори на прашањата од анкетата. Тоа ни овозможува да ги поврземе менталното здравје и условите на работното место со другите параметри, како што се резултатите од истражувањата, патеките на кариерата и мислењата и погледите во објавените текстови на социјалните мрежи.

Ако текот на проектот во рамките на овој проект или планираниот следен проект дозволува, би сакале повторно да ве анкетираме. За оваа цел, ќе имате можност да ни доставите вашите контактни податоци на крајот од анкетата. Штом стане јасно дека повторната анкета нема да се случи повеќе, ќе ги избришеме овие контактни податоци. Ако ни сте ги дале вашите контактни податоци, но сакате во било кој момент откако ќе заврши оваа анкета да ги избришеме, можете да ги избришете вашите контактни податоци во било кој момент. За тоа, ве молиме контактирајте го проектот преку една од следниве адреси: STAIRCASE-Survey@tib.eu или datenschutz@tib.eu.

### Кој стои зад оваа студија?

Студијата е спроведена од истражувачки тим во рамките на COST Action CA19117 “Researcher Mental Health Observatory” - ReMO (“Опсерваторија за ментално здравје на истражувачите”) која е финансирана од ЕУ. Акцијата се фокусира на благосостојбата и менталното здравје во рамките на академската заедница, тема која има стратешко значење за Европската истражувачка област. Повеќе информации за ReMO можете да најдете на website на проектот. Институцијата одговорна за координација на оваа анкета е TIB - Leibniz-Informationszentrum Technik und Naturwissenschaften | Universitätsbibliothek.

Податоците ќе бидат архивирани од Германскиот центар за истражување во областа на високото образование и науката (DZHW) во име на TIB и ќе бидат достапни за вторична употреба (погледнете поглавје „Користење, споделување и архивирање на податоци“ подолу). Покрај тоа, одговорноста за собраните податоци исто така може да биде пренесена на DZHW по завршувањето на проектот.

Доколку имате било какви грижи или прашања во било кој момент пред, за време или после учеството во оваа студија, не двоумете се да не’ контактирате на STAIRCASE-Survey@tib.eu.

### Како можам да се повлечам од оваа студија?

Вашето учество во оваа истражувачка студија е доброволно. Вие можете да се повлечете од студијата во било кој момент без да ги наведете причините за тоа и без последици. За да се повлечете од студијата, едноставно не продолжувајте да го пополнувате прашалникот. Вашите одговори ќе бидат евидентирани до моментот кога сте престанале да го пополнувате прашалникот.

### Користење на податоците, споделување и архивирање

Податоците собрани во оваа студија ќе се користат за следниве цели:

1. Податоците од одговорите на прашалникот, вклучувајќи ги и сите демографски информации (псевдонимизирани податоци) ќе се чуваат во безбедна долгорочна локација за складирање податоци. Истражувачите можат да побараат пристап до податоците за да спроведат истражување и да ги дисеминираат резултатите од истражувањето. Пристапот до податоците ќе биде овозможен во безбедно опкружување за анализа на податоци со излезни контроли кои гарантираат дека ниту една лична идентификациска информација

нема да ја напушти архивата. Резултатите од истражувањето споделени со јавноста ќе содржат само збирни податоци и нема да дозволат повторна идентификација на испитаниците.

2. Втората верзија на податоците од одговорите на прашалникот ќе биде анонимизирана со отстранување и збирно прикажување на демографските информации така што ниту еден поединец не може повторно да биде идентификуван (анонимизирани податоци). Овој анонимизиран податочен сет се става на располагање на јавноста по регистрација заедно со условите за користење.

3. Собраните идентификатори од профилите на ORCID, LinkedIn и Twitter ќе се чуваат одделно од одговорите на анкетата и ќе бидат споделени со истражувачите во рамките на проектот ReMO за целите на собирање информации од овие профили. Собраните идентификатори ќе бидат избришани после завршувањето на проектот. Информациите добиени од профилите, како што е просечното расположение во твитовите во последниот месец, ќе се соберат и ќе се спојат со податоците од одговорите на прашалникот и ќе бидат достапни за анализа во безбедно опкружување за анализа на податоци (види точка 1).

Правната основа за собирање на податоците е информираната согласност, како што е наведено во Article 6(1a) of the GDPR. Сите услови кои се однесуваат на заштита на податоците се засноваат на Општата регулатива за заштита на податоците - General Data Protection Regulation (GDPR).

## Мерки за заштита на податоците

Вашите одговори ќе бидат доверливи. Сите идентификациски информации, како што се адресата на Вашата електронска пошта или профилите на социјалните мрежи кои што Вие доброволно ни ги доставувате, ќе се чуваат одделно од Вашите одговори на анкетата. Детален опис на сите мерки за заштита на податоците може да се најде во нашиот план за заштита на податоците. Подолу приложуваме резиме на мерките за заштита на податоците кога податоците се собираат, пренесуваат, обработуваат, архивираат и пристапуваат од страна на истражувачите.

- Собирање на податоците: податоците се собираат со софтверот LimeSurvey кој што е хостиран на сервер на Technische Informationsbibliothek Hannover (TIB) во Германија. Податоците се пренесуваат од секој испитаник до серверот преку шифрирана SSL конекција и се складирани во шифрирана база на податоци после пристигнувањето на серверот. На секој учесник во истражувањето му е доделен единствен токен за учество во анкетата. Одговорите од анкетата се чуваат заедно со токените за учество и поради тоа тие се псевдонимизирани. Адресите на електронските пошти од учесниците се чуваат во посебна табела која што не е поврзана со одговорите на анкетата и се користи за да се спречи двојно учество во студијата.

- Пренесување на податоците: После завршувањето на фазата на собирање податоци од студијата, сите собрани податоци ќе бидат шифрирани и

префрлени во објект за долгорочно складирање на податоци. Потоа, сите податоци ќе бидат избришани од серверот на TIB.

- <u>Обработка на податоците:</u> На крајот од периодот на собирање податоци, адресите на електронските пошти од учесниците се обработуваат со “salted hash” функција и токените за учество во анкетата се заменуваат со hash вредности на адресите на електронските пошти. Ова се прави за да се овозможи следење на учесниците со иста адреса на електронска пошта во текот на различните бранови на студијата. Добиениот сет на податоци е псевдонимизиран (Scientific Use File). Тој не е целосно анонимизиран поради тоа што учесниците потенцијално сè уште може да бидат идентификувани со оглед на нивните демографски податоци. Анонимизиран сет на податоци (Campus use File) ќе биде создаден со збирно прикажување на податоците и отстранување на демографските информации, се’ додека ниту еден учесник во студијата нема да може повторно да биде идентификуван.

  Дополнително, втора hash вредност се генерира за секој учесник со извршување на hash функцијата врз адресите на електронските пошти, но со различна salt. Овие вредности се чуваат заедно со информациите од социјалните мрежи на учесникот и одделно од одговорите на анкетата, за да се спречи директна врска помеѓу одговорите на анкетата и профилите на социјалните мрежи. Табела што ги поврзува двете hash вредности се чува во објектот за долгорочно складирање на податоците.

  Информациите од профилот на социјалните медиуми се чуваат заедно со втор ID на учесникот кој што е различен од ID на учесникот што е складиран заедно со одговорите на анкетата за да се спречи повторна идентификација на испитаниците преку нивните профили на социјалните медиуми. Збирните информации од податоците собрани од профилите на социјалните медиуми може да се поврзат со одговорите на анкетата само од страна на членовите на проектот ReMO под надзор на службеникот за заштита на податоците.

- <u>Архивирање на податоците:</u> Псевдонимизираните и анонимизираните податоци ќе бидат архивирани во објект за долгорочно складирање. Архивскиот систем ќе биде предмет на строги права за пристап. Само на овластените вработени во објектот им е дозволено да префрлаат податоци што се подобни за долгорочно зачувување во дигиталната архива или да ги отстранат истите од архивата.

- <u>Пристап до податоците:</u> Овластените истражувачи ќе можат да пристапат до псевдонимизираните податоци или лично на компјутер во објектот за долгорочно складирање или преку далечински пристап до сервер кој што ги чува податоците и претходно инсталираните програми за анализа. Истражувачите ќе мора да потпишат договори за користење податоци пред да добијат пристап до податоците. Сите датотеки што истражувачите сакаат да ги извезат ќе мора да бидат подложени на излезна контрола од страна на персоналот од објектот за долгорочно складирање и членовите на проектот ReMO за да се исклучи каква било можност за повторна идентификација на поединци.

- Рок на зачувување на податоците: Корисничките имиња на социјалните мрежи ќе бидат избришани на крајот на проектот ReMO. Псевдонимизираниот податочен сет (Научен кориснички сет) и анонимизираниот податочен сет (Сет за употреба на кампусот) ќе бидат зачувани на долг рок и ќе бидат достапни како што е опишано погоре, преку средствата за долгорочно зачувување и ќе бидат избришани само по барање.

### Етички согледувања за оваа студија

Оваа студија беше оценета од страна на Етичката комисија на Универзитетот Лајбниц во Хановер и истата беше одобрена со гласање EV LUH 04/2023.

### Дисеминација на резултатите од оваа студија

Резултатите добиени од оваа студија ќе бидат дисеминирани на различни начини:

- Ќе објавиме целосно анонимизирана верзија на податоците собрани во оваа студија под лиценца на Creative Commons.
- Ќе ги дисеминираме резултатите од студијата преку објавување на академски трудови и презентации на конференции.
- Ќе ги искористиме резултатите за да напишеме бели книги (white papers) и препораки со цел да ги промениме работните услови во академската заедница.

Доколку сакате да бидете информирани за било какви резултати од истражувањето што ќе бидат објавени, ќе имате можност на крајот од анкетата да ни дадете адреса на електронска пошта за контакт.

### Вашите права за заштита на податоците според Општата регулатива за заштита на податоците - General Data Protection Regulation (GDPR)

Вие имате право да добиете информации за личните податоци собрани во оваа анкета во било кое време, како и право да ја корегирате или избришете или ограничите обработката на податоците. Вие имате право да ја отповикате Вашата согласност за обработка на податоците, како и правото за преносливост на податоците. За да ги остварите Вашите права, Ве молиме да не’ контактирате на STAIRCASE-Survey@tib.eu.

Имајте во предвид дека само информациите во псевдонимизираните податоци можете да ги барате, бришете или поправате, бидејќи во анонимизираните податоци повеќе не можеме да идентификуваме поединци. За да ги остварите Вашите права, ќе треба да ни ја дадете адресата на електронската пошта што ја користевте при пополнувањето на анкетата за да можеме првенствено да ги идентификуваме Вашите записи.

### Одговорности за заштита на податоци током проектот (до декември 2024)

Одговорната институција за заштита на податоци е Германската национална библиотека за наука и технологија (TIB), Welfengarten 1B, 30167 Хановер, Германија. Телефон: +49(0)511 762-8989, Факс: +49(0)511 762-4076, Е-пошта: information@tib.eu.

Службеник за заштита на податоци, Германска национална библиотека за наука и технологија (TIB), TIB Conti-Campus, Königsworther Platz 1B, 30167 Хановер, Германија. Телефон: +49(0)511-762 8138, Е-пошта: datenschutz@tib.eu.

Надлежниот орган е Комесарот за заштита на податоци на Доња Саксонија, Prinzenstrasse 5, 30159 Хановер, Германија. Телефон: +49(0)511 120-4500, Факс: +49(0)511 120-4500, Е-пошта: poststelle@lfd.niedersachsen.de.

Жалби може да се поднесуваат на надлежниот орган преку нивниот онлајн формулар.

Откако ќе заврши проектот (можеби во јануари 2025), одговорностите за заштита на податоци може да бидат пренесени на Германскиот центар за истражување во областа на високото образование и науката DZHW GmbH, Lange Laube 12, 30159 Хановер, Германија. Телефон: +49(0)511 450670-0, Факс: +49(0)511 450670-960, Е-пошта: info@dzhw.eu.

Службеник за заштита на податоци, Германски центар за истражување во областа на високото образование и науката DZHW GmbH, Lange Laube 12, 30159 Хановер, Телефон: +49(0)511 450670-491, Факс: +49(0)511 450670-960, Е-пошта: datenschutz@dzhw.eu.

Надлежниот орган е Федералниот комесар за заштита на податоци и слобода на информација, Graurheindorfer Straße 153, 53177 Бон, Германија. Телефон: +49(0)228 997799-0, Е-пошта: poststelle@bfdi.bund.de.

Жалби може да се поднесуваат на надлежниот орган преку нивниот онлајн формулар.

### Информирана согласност за учество во студијата

Кликнувањето на копчето „се согласувам" подолу значи дека:

- сте ги прочитале горенаведените информации
- доброволно се согласувате да учествувате
- имате најмалку 18 години

Доколку не сакате да учествувате во истражувањето, Ве молиме да го одбиете учеството со кликнување на копчето „не се согласувам".